CLADDING SAFETY Victoria

# Секој има улога што треба да ја игра во заштитата од пожари

Запаливата облога на надворешниот дел на вашата зграда не мора да значи дека зградата е небезбедна. Но, штом пожарот ќе почне, запаливата облога може да придонесе за ширењето на пожарот.

Постојат неколку едноставни чекори што треба да ги следите за да ја минимизирате опасноста од пожар, и вие, вашите соседи и семејството да бидете безбедни. **Во итен случај, јавете се на 000 (три нули).**



Не пушете на балкони.



Не користете скара на балкони.



Не складирајте боци со гас на балкони.



Обезбедете дека алармите за чад не се покриени или исклучени и тестирајте ги секој месец. Заменувајте ги батериите од девет волти секоја година. Размислете за замена на алармите за чад со аларми со литиумска батерија што трае 10 години.



Исчистете ги балконите, ходниците и патеките за евакуација од неред и ѓубре. Обезбедете дека имате план за евакуација.



Облеката и други материјали треба да се наоѓаат на растојание од најмалку еден метар од уредите за климатизација.